


# ЈАВНОТО МИСЛЕЊЕ ЗА АФЕРАТА ПРИСЛУШУВАЊЕ

Анкета на јавно мислење

март 2015

Скопје

МЦМС

IDSCS Институт за демократија Социетас цивилис - Скопје

Наслов:
Јавното мислење за аферата прислушување: Анкета на јавно мислење

Издавачи:
Институт за демократија „Социетас цивилис“ Скопје (ИДСЦС)
Македонски центар за меѓународна соработка (МЦМС)
Телма телевизија

За издавачот:
Марко Трошановски, претседател на ИДСЦС
Александар Кржаловски, прв извршен директор на МЦМС
Димче Митрески, извршен директор на МЦМС
Сања Васиќ, главен и одговорен уредник на Телма телевизија

Автори:
Јован Близнаковски
Миша Поповиќ

Интернет локација на публикацијата: http://goo.gl/keMvTM

Скопје, март 2015 година

Овој текст е достапен за користење под лиценца:
НаведиИзвор-СподелиПодИстиУслови 2.5 Македонија (CC BY-SA 2.5 MK)

Фотографија користена на насловна страна:
Dystopia од lewishamdreamer достапна на https://flic.kr/p/4J65Mr

Мислењата што се изразени овде им припаѓаат на авторите и не ги одразуваат ставовите на издавачите на овој извештај.

Контакт: Институт за демократија „Социетас цивилис“ Скопје, ул. Крагуевачка 2, 1000 Скопје

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

316.654:343.451(497.7)(049.4)
343.353

БЛИЗНАКОВСКИ, Јован
Јавното мислење за аферата прислушување : анкета на јавно мислење / [автори Јован Близнаковски, Миша Поповиќ]. - Скопје : Институт за демократија Социетас Цивилис - (ИДСЦС), 2014. - 12 стр. : табели ; 21 см

ISBN 978-608-4775-06-5
1. Поповиќ, Миша [автор]
а) Прекршување на приватноста б) Телекомуникациски системи - Јавно мислење - Македонија - Анкети в) Влада - Злоупотреба на положба
COBISS.MK-ID 98256138

Содржина

**1.** Вовед ........ 4

**2.** Методологија ........ 4

**3.** Наоди ........ 4

Загрозена приватност ........ 4

Кој прислушувал? ........ 6

Решенија за кризата ........ 8

Влијание на кризата врз економската ситуација ........ 10

4. Примерок ........ 11

# 1. Вовед

Институтот за демократија „Социетас цивилис“ Скопје (ИДСЦС) и Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) во соработка со телевизија Телма започнаа серија на истражувања на јавното мислење за актуелни политички теми. Темата на ова теренско истражување беше јавното мислење по повод објавувањето на снимки од прислушувани разговори помеѓу видни јавни личности од партиите на власта, опозицијата, медиумски работници и членовите на правосудните органи.

# 2. Методологија

Податоците беа теренски прибирани помеѓу 19 февруари и 2 март 2015 година. Анкетата е спроведена на национален репрезентативен примерок од 1000 испитаници со методот „лице в лице“. Анкетата ја спроведе агенцијата М-проспект од Скопје.

Примерокот е репрезентативен според пол, возраст, етничка припадност и место на живеење. Дополнително, сите резултати се урамнотежени (пондерирани) според мината историја на гласање на испитаниците за да се обезбеди политички репрезентативен примерок како стандардна пракса во светот за справување со понискиот одѕив на одредени гласачи на анкетни истражувања.

Сите резултати се подложни на статистичка грешка од ±3,1%.

# 3. Наоди

## Загрозена приватност

Имајќи ги сознанијата од аферата со прислушувањето, 43% од испитаниците чувствуваат дека приватноста им е загрозена. Спротивно на тоа, 50% од испитаниците не чувствуваат таква загрозеност. Бројката на граѓани кои чувствуваат загрозеност е голема, земајќи предвид дека 43% од целокупната возрасна популација во Македонија изнесува 680.000 граѓани.

Демографската анализа покажува дека најзагрозени се чувствуваат помладите генерации и студентите, додека пензионерите, односно оние над 60 години се чувствуваат најмалку загрозени.

Скоро третина од гласачите на ВМРО-ДПМНЕ се чувствуваат загрозени, а истото чувство е присутно кај секој втори гласач на СДСМ и ДУИ. Големо мнозинство (76%) од гласачите на ДПА се чувствуваат загрозени.

**Приказ 1: Дали во аферата со прислушувањето што ја објави опозицијата чувствувате дека Вашата приватност е загрозена? (во %)**



## Кој прислушувал?

Повеќе од третина од испитаниците сè уште немаат мислење кој прислушувал. Според 29% од испитаниците прислушувачот е Управата за безбедност и контраразузнавање (УБК) додека 36% сметаат дека тоа се странски служби.

Демографската анализа покажа дека најголема разлика се забележува помеѓу испитаниците кои живеат во град и испитаниците кои живеат во село. Секој трети жител на град смета дека прислушувачот е УБК додека скоро половина од жителите во руралните средини сметаат дека тоа се странските служби.

Повеќе од еден на секои 10 гласачи на ВМРО-ДПМНЕ смета дека изворот на снимките е УБК а скоро 5 во 10 сметаат дека тоа е странска служба. Ситуацијата е значајно различна кај гласачите на СДСМ каде повеќе од половина од нив се уверени дека прислушувањето го сторила УБК.

Кај гласачите на партиите на етничките Албанци, резултатите се исто така различни. Четири на секои 10 гласачи на ДУИ сметаат дека изворот е УБК додека шест од 10 гласачи на ДПА сметаат дека прислушувањето го направила странска служба.

Може да се забележи дека гласачите на ДУИ и ДПА се многу повеќе одредени по ова прашање отколку оние кои гласале за ВМРО-ДПМНЕ или СДСМ и оние што не гласале на минатите избори. Така, во просек 17% од гласачите на ДУИ и ДПА одговориле дека не знаат кој ги снимал/слушал незаконски прислушуваните разговори, додека тоа е присутно кај 32% од останатите (гласачите на ВМРО-ДПМНЕ, СДСМ и оние кои не гласале). Сепак, гласачите на ВМРО-ДПМНЕ почесто одговориле со „не знам“ отколку гласачите на СДСМ (36% наспроти 28%).

**Приказ 2: Според Вас, кој ги снимал/слушал незаконски прислушуваните разговори? (во %)**



## Решенија за кризата

Резултатите од истражувањето покажуваат дека според граѓаните, решавањето на кризата треба да има и судска и политичка завршница. Мнозинство од испитаниците (56%) сметаат дека е потребна некаква активност на политички план која е поврзана со решавање на состојбата (предвремени избори, меѓународно посредништво, техничка Влада или реконструкција на Влада). Воедно, граѓаните се поделени во однос на нивните очекувања за објективна судска завршница на аферата со прислушувањето - 46% од испитаниците очекуваат објективна судска завршница, а 38% не очекуваат такво нешто.

Кај гласачите на двете најголеми партии, ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ резултатите се дијаметрално спротивни по однос на прашањето за објективноста на судската завршница. Додека приближно секој трет гласач на ВМРО-ДПМНЕ смета дека ќе настапи објективна завршница на аферата со прислушувањето, секој трет гласач на СДСМ верува во спротивното.

**Приказ 3: Дали очекувате објективна судска завршница на аферата со прислушувањето? (во %)**




Вкупно 28% од сите испитаници сметаат дека за решавање на политичката криза се потребни предвремени избори. Скоро половина од овие испитаници сметаат дека тоа треба да се направи со помош на меѓународно посредништво. Секој шести граѓанин смета дека политичката криза може да се реши преку формирање на техничка Влада, а

секој осми дека е потребна реконструкција на актуелната Влада за излез од политичката криза.

28% од гласачите на СДСМ сметаат дека техничка Влада ќе ја реши политичката криза. Скоро четвртина од гласачите на ДУИ (24%) сметаат дека реконструкција на Владата ќе ја реши политичката криза.

Безмалку секој четврти испитаник (24%) смета дека не е потребно да се прави нешто и дека кризата сама ќе се реши. Мнозинство од гласачите на ВМРО-ДПМНЕ (52%) сметаат дека не треба да се превземаат никакви активности за излез од кризата.

Мнозинство од гласачите на ДПА (56%) сметаат дека кризата ќе се реши со предвремени избори.

**Приказ 4: Дали во решавањето на политичката криза е потребно: (во %)**



## Влијание на кризата врз економската ситуација

Мнозинство испитаници (56%) смета дека внатрешната нестабилност ќе се одрази врз економската ситуација. Сепак, секој трет испитаник смета дека тоа не е случај, односно дека политичката криза нема да влијае врз економската ситуација.

Мислењето дека внатрешната нестабилност ќе се одрази на економската ситуација е позастапено кај гласачите на опозициските партии (СДСМ и ДПА) и кај гласачите кои не гласале на минатите избори отколку кај гласачите на партиите кои ја формираат Владата (ВМРО-ДПМНЕ и ДУИ).

**Приказ 5: Дали внатрешната нестабилност ќе се одрази врз економската состојба? (во %)**



## 4. Примерок N=1000

| Пол | % |
|---|---|
| машки | 50 |
| женски | 50 |
| Вкупно | 100 |
| **Возраст** | **%** |
| 18-29 | 20 |
| 30-39 | 20 |
| 40-49 | 19 |
| 50-59 | 18 |
| 60+ | 24 |
| Вкупно | 100 |
| **Образование** | **%** |
| до основно | 20 |
| средно | 50 |
| високо | 31 |
| Вкупно | 100 |
| **Етничка припадност** | **%** |
| македонска | 70 |
| албанска | 22 |
| друга | 8 |
| Вкупно | 100 |
| **Работен статус** | **%** |
| вработен (јавен сектор) | 14 |
| вработен (приватен сектор) | 27 |
| невработен | 20 |
| домаќин/ка | 9 |
| студент | 7 |
| пензионер | 21 |
| друго | 2 |
| Вкупно | 100 |
| **Место** | **%** |
| град | 61 |
| село | 39 |
| Вкупно | 100 |

| Регион | % |
|---|---|
| Вардарски | 8 |
| Источен | 10 |
| Југозападен | 9 |
| Југоисточен | 10 |
| Пелагонија | 12 |
| Полошки | 14 |
| Североисточен | 8 |
| Скопски | 30 |
| Вкупно | 100 |

За издавачите:

ИДСЦС е граѓанска организација основана во 1999 година од група на интелектуалци собрани околу идејата за демократија, солидарност и цивилно општество. На својот пат, ИДСЦС има визија за Македонија како високо развиена демократија на слободни и активни граѓани. Мисијата на ИДСЦС е поддршка на развојот на демократските процеси преку промоција на креирање на политики базирани на истражување, анализи и консултација со засегнатите страни. ИДСЦС го истражува развојот на доброто управување, владеењето на правото и европските интеграции на Македонија.

МЦМС веќе 20 години е значаен актер на граѓанското општество во Македонија и во регионот, заснован на вредности и интереси и нивно застапување и влијание врз општеството. Визијата на МЦМС е мир, хармонија и просперитет на луѓето во Македонија, на Балканот и глобално. За исполнување на визијата, МЦМС ја дефинира својата мисија да предводи промени со нови и алтернативни решенија на општествените проблеми, кои влијаат на другите чинители и кои се вклучуваат во главните текови. МЦМС дејствува во секторите на социјална кохезија (вработување, образование, дијалог и културна различност), локален и рурален развој, граѓанско општество и добро владеење. Од 1993 г. МЦМС спроведе повеќе од 65 програми со реализирани преку 1.500 проекти со вкупен буџет од 50 милиони евра.

Контакти:

ИДСЦС: ул. Крагуевачка 2, 1000 Скопје
http://idscs.org.mk
http://facebook.com/IDSCS
http://twitter.com/IDSCS_Skopje

МЦМС: ул. Никола Парапунов 41а пошт.фах 55, 1000 Скопје
http://mcms.mk
http://facebook.mk/mcms.mk
http://twitter.com/mcms_mk

Телма: ул. Никола Парапунов 51, 1000 Скопје
http://telma.com.mk
http://goo.gl/Czo6tz

М-проспект: http://m-prospect.com
http://goo.gl/OyjAZ3

Референцирање:
Близнаковски Ј. и М. Поповиќ (2015). *Јавното мислење за аферата прислушување: Анкета на јавно мислење.* Институт за демократија „Социетас Цивилис“, Македонски центар за меѓународна соработка, Телма телевизија. Скопје.